ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2019 ГОДИНА НА
# КОМУНАЛНОТО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ “ВОДОВОД“ КОЧАНИ

01 2020 07 05

**Скопје, ноември 2020**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 19 |
| Финансиски извештаи за 2019 и 2018 година: | |
| Биланс на успех | 20 |
| Биланс на состојба | 21 |
| Промени на изворите на капиталните средства | 22 |
| Извештај за паричниот тек | 23 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 24 - 30 |
| - Сметководствени политики | 30 - 44 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 45 - 56 |

Прилози:
- Забелешки на Нацрт извештај
- Одговор на забелешки

Кратенки користени во извештајот:

Комунално јавно претпријатие Водовод Кочани – КЈП Водовод Кочани
ГДР – Главен државен ревизор
ОДР – Овластен државен ревизор

Број: 13-108/6

Дата: 25.11.2020

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР


## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Комуналното јавно претпријатие "Водовод" Кочани (во натамошниот текст КЈП "Водовод" Кочани), за 2019 година.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи ревизијата изрази неповолно мислење, а за усогласеност со законите и прописите за 2019 година, ревизијата изрази мислење со резерва.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на КЈП "Водовод" Кочани за 2005 година при што не е изразено мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, а за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва. Бидејќи од последната ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на тековната ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај КЈП "Водовод" Кочани за 2019 година констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се:

- при оценка на системот на интерни контроли кај процесот на утврдување на приходите и наплата на побарувањата од комуналните услуги, поради недонесени пишани процедури утврдивме постоење на ризици кои можат да имаат влијание на наплатата на побарувањата и врз целосноста на приходите;
- Исплатени се повисоки износи на плати, додатоци и надоместоци од плати;

- присутна е состојба на загуба на вода во системот за водоснабдување која изнесува 67,75% од испорачаната вода од филтер станицата во водоснабдителниот систем поради дефекти во системот, кражби, нелегални приклучоци и слично, а дел од испорачаната вода се користи наменски за миење на филтри во фабриката за преработка на вода, полевање на јавното зеленило и миење на јавни сообраќајни површини;
- по основ на обврски за надоместок за користење на води, надоместок за испуштање во води, надоместок за користење на геотермални води, надоместок за одржување јавна чистота, надоместок за управување со отпад и комунална такса за паркинг утврдена е состојба на значителен износ на неуплатени средства во корист на Буџетот на РСМ односно Буџетот на општината;
- во трговскиот регистар не е извршен упис на основната главнина на КЈП “Водовод“ Кочани. Претпријатието нема утврдено пазарна вредност на имотот и обврските, така што, основната главнина е сметководствено утврдена односно не е извршена проценка на капиталот.
- побарувањата од купувачите во земјата кои потекнуваат од минати години, од кои дел се тужени, а дел се застарени и треба да се отпишат, не се искажани на сметката за сомнителни и спорни побарувања.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности за надминување на утврдените состојби.

Во делот на прашања на неизвесност и континуитет ревизијата ги истакна судските постапки кои се во тек во кои јавното претпријатие се јавува во улога на тужител или тужена страна.

Во останати прашања е истакната состојбата со Пречистителната станица за третман на отпадни води Кочани на која инвеститор била Општина Кочани и по завршување на истата, Советот донел Одлука за трајно користење и управување од страна на КЈП “Водовод“ Кочани, бидејќи не е обезбедена целосната документација од Општината истата не е целосно евидентирана во деловните книги на КЈП Водовод Кочани.

Од директорот на КЈП “Водовод“ Кочани, на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, доставени се забелешки. Забелешките се разгледани и е оценето дека седум не се прифаќаат поради недоставени докази кои би имале влијание на констатираните состојби, а една претставува известување за мерките и активности кои ќе се преземат за надминување на истите.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 20 до страна 23 заедно со ревизија на усогласеност на КЈП "Водовод" Кочани, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех, Извештај за промени во главнината/капиталот и Извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2020 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2005 година на КЈП "Водовод" Кочани, во кој ревизијата не изразила мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, а за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на КЈП "Водовод" Кочани застапувано од:

- Андреј Киров, директор од 31.05.2018 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните

ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 11.03. до 03.07.2020 година кај КЈП “Водовод“ Кочани од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на КЈП "Водовод" Кочани за 2005 година при што не е изразено мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, а за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва.
Бидејќи од последната ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 24.07.2020 година.

На ден 09.11.2020 година, од страна на директорот на КЈП "Водовод" Кочани доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-108/5 од 09.11.2020 година.
Забелешките се разгледани и е оценето дека забелешките на точките 4.1.1, 4.2.1., 4..2.4., 4.2.7.,4.3.2.,4.3.3. и 4.4.1. не се прифаќаат поради недоставени докази кои би имале влијание на констатираните состојби, а забелешката на точката 4.3.1. претставува известување за мерките и активностите кои ќе се преземат за надминување на истите.

Забелешките и Одговорот на забелешките се составен дел на овој Конечен извештај и се дадени во прилог на истиот.

**Констатирани се следните состојби:**

### 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. Ревизијата постапувајќи во согласност со МСР 315 - Идентификување и проценка на ризикот од материјално погрешно прикажување преку разбирање на клиентот и неговото опкружување, пристапи кон оценка на системот на внатрешни контроли кај процесот на утврдување на приходите и наплата на побарувањата од комуналните услуги – снабдување и испорака на вода, одведување и пречистување на одпадни води, собирање и депонирање на смет и други комунални услуги кои ги извршува јавното претпријатие. При тоа се утврди дека во пракса се воспоставени разграничени надлежности во процесот, но не се донесени пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите на вработените во јавното претпријатие во овој процес. Непостоењето на пишани процедури создава ризик во однос на комплетноста, навременоста и целосноста на приходите.

**Препорака:**
Директорот на КЈП „Водовод" Кочани да преземе активности за изготвување и донесувања на пишана процедура за процесот на утврдување, наплата и контрола на приходите.

**4.2.Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. При проверка и контрола на процесот на евиденција, пресметка и исплата на плати идентификувана е состојба на несоодветно користење на инсталираниот систем за електронско следење на работно време на вработените, што не е во согласност со одредбите од Законот за работни односи. Несоодветното користење на наведениот систем произлегува не само од неповрзаност со програмата за пресметка на плати туку и од не печатење на месечни листи за евидентираните работни часови на вработените во системот и не постоење на доказ за нивна споредба на месечна основа со листи за присуство на работа и остварени ефективи работни часови кои раководителите на месечно ниво ги доставуваат до благајникот. Горе наведената состојба создава ризик исплатените парични средства на име нето плата на вработените не секогаш да претставуваат и реална потврда на вистински извршената работа односно ефективните работни часови.

**Препорака:**
Да се воспостави поврзаност на инсталираниот систем за електронско следење на работно време на вработените со програмата за пресметка на плати односно да се воспостави пракса на печатење на месечни листи за евидентираните работни часови на вработените во системот кои ќе претставуваат доказ за остварени ефективи работни часови.

4.2.2. Колективниот договор на ниво на работодавач на КЈП "Водовод" Кочани, кој е во примена, е склучен на 26.01.2007 година помеѓу овластен потписник на основачот на КЈП "Водовод" Кочани и Претседателот на Основната организација на синдикатот на КЈП "Водовод" Кочани. Со Колективниот договор се уредуваат правата, обврските и одговорностите на работниците, а врз основа на одредбите од Законот за работни односи[1].
Со одредбите на член 204 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ" бр. 62/05, .... 110/19), е пропишано дека Општиот колективен договор за јавниот сектор се однесува на органите на државната власт и другите државни органи, органите на ЕЛС, установите, јавните претпријатија, заводите, агенциите, фондовите и други правни лица кои вршат дејност од јавен интерес. Со член 47 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи[2], општите колективни договори се усогласуваат со одредбите на Законот за работните односи

[1] (Сл. весник на РМ бр. 62/05 ... 110/19)
[2] (Сл. весник на РМ бр. 130/09)

во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на измените и дополнувањата на Законот за работните односи, односно најкасно до 04.05.2010 година, а исто така и колективниот договор на ниво на работодавач треба да се усогласи во рок од шест месеци од датумот на потпишување на Општиот колективен договор за јавен сектор.

КЈП "Водовод" Кочани не извршило усогласување на Колективниот договор на ниво на работодавач со горе наведените законски прописи што предизвикува исплата на плата, додатоци и надоместоци на плата на вработените во повисоки износи од законски пропишаните и тоа:

- за времено распоредување на вработените на друго работно место за одреден период се изготвуваат Решенија за времено распоредување на друго работно место врз основа на постоечкиот/неусоглаен Колективен договор на ниво на работодавач и со тоа на работникот му се дава право да оствари повисока плата предвидена во Правилникот за плата и додатоци на плата на вработените во КЈП "Водовод" Кочани, што не е во согласност со одредбите од член 30 точка (3) и член 48 од Законот за административни службеници[3] и член 42 и 43 од Законот за вработените во јавниот сектор[4], кои се однесуваат на постапките за унапредување и за мобилност на вработените;
- воспоставена е пракса на изготвување на Одлуки за зголемување на основната плата поради работна успешност врз основа на Колективен договор на ниво на работодавач, а работната упешност на работникот се определува врз основа на критериумите за домаќинскиот однос на работникот кон работата, обемот и квалитетот на извршената работа и согласно покажаните резултати во текот на месецот при што основната плата може да му се зголеми до 30%, што не е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и Правилникот за основна плата и додатоци на плата на вработените во КЈП "Водовод" Кочани;
- за стимулација на работникот за редовно доаѓање на работа во текот на целиот месец, основната плата на работникот му се зголемува за 25 бода, што не е во согласност со одредбите од Правилникот за основна плата и додатоци на плата на вработените во КЈП "Водовод" Кочани;
- за секоја измината година работен стаж на работникот му се исплатува додаток на основната плата во висина од 1% но не повеќе од 20% за целокупниот работен стаж, што не е во согласност со член 18 од Општиот колективен договор за јавниот сектор и член 87 точка (4) од Законот за административни службеници;

[3] (Сл.весник на РМ бр.27/2014 ........11/2018)
[4] Сл.весник на РМ бр.27/2014 ........143/2019)

- присутна е појава за дежурство вон работното време (куќно дежурство) на работникот да му се исплатува надоместок во висина од 15% од платата што ја остварува за ефективната работа, што не е во согласност со одредбите од Правилникот за основна плата и додатоци на плата на вработените во КЈП "Водовод" Кочани;
- во случај на смрт на работник/ член на негово потесно семејство се исплатува надоместок во висина на трикратен/ двократен износ од просечната месечна плата исплатена во републиката во претходните три месеци, што не е во согласност со одредбите од Општиот колективен договор за јавниот сектор и претставува дополнително оптоварување на трошоците бидејќи на повеќе исплатениот износ над даночно признаениот се пресметува и уплаќа данок на личен доход, а вкупниот износ претставува ставка во даночниот биланс која го зголемува износот на даночно непризнаени расходи и
- при заминување во пензија на работникот му се исплаќа отпремнина во висина од три просечни месечни плати исплатени во републиката во претходните три месеци или просечната исплатена плата кај работодавачот односно просечната плата на работникот ако тоа е поповолно за работникот, што не е во согласност со одредбите од Општиот колективен договор за јавниот сектор и член 9 од Законот за исплата на плати и претставува дополнително оптоварување на трошоците бидејќи на повеќе исплатениот износ над даночно признаениот се пресметува и уплаќа данок на личен доход, а вкупниот износ претставува ставка во даночниот биланс која го зголемува износот на даночно непризнаени расходи.

Поради неусогласеност на Колективниот договор со Општиот колективен договор за јавен сектор и законската регулатива исплатени се поголеми износи на плата, додатоци и надоместоци на плата на вработените што придонесува за поголеми трошоци на претпријатието и има влијание на резултатот од работењето.

**Препорака:**
Директорот на КЈП „Водовод" Кочани со надлежните органи за управување и во соработка со основната синдикална организација да преземат активности за усогласување на постоечкиот Колективен договор на претпријатието со одредбите од важечките законски прописи (Законот за работни односи, Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор) и одредбите од Општиот колективен договор за јавниот сектор.

4.2.3. КЈП „Водовод" Кочани, согласно членот 30 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со Правилникот за внатрешна организација има основано одделение за внатрешна ревизија, а со Правилникот за систематизација на работните места има предвидено тројца вработени (раководител и двајца внатрешни ревизори). Но и покрај тоа нема пополнето ниту едно работно место во

одделението за внатрешна ревизија. Поради невоспоставено практично функционирање на внатрешната ревизија, раководството на јавното претпријатие нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за вродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.
Во досегашниот период ниту од страна на Одделението за внатрешна ревизија на Општина Кочани не е вршена ревизија кај КЈП „Водовод“ Кочани.

Во текот на ревизијата КЈП „Водовод“ Кочани склучи договор со Општина Кочани за вршење на ревизија на работењето на јавното претпријатие од страна на вработените од Одделението за внатрешна ревизија на општината.

**Препорака:**
Надлежните органи на КЈП „Водовод“ Кочани да преземат активности за вработување на соодветен персонал за воспоставување на систем за внатрешна ревизија.

4.2.4. До денот на ревизијата со сите корисници на услугите на КЈП „Водовод" Кочани не се склучени договори, со кои ќе се регулираат меѓусебните права и обврски, што не е во согласност со одредбите од член 48 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, кој ги обврзува давателот и корисниците на услугите да ги уредат меѓусебните права и обврски со договори во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон и членот 43 став 8 од Законот за управување со отпадот, според кој создавачите на комерцијален отпад се должни да склучат посебен договор за собирање и транспортирање на отпад со давателот на услугата на територијата на општината. Непочитување на законските одредби и недефинираните должничко доверителски односи создава ризик од отежната наплата на извршените услуги.
На ниво на општина не е воспоставен систем на селектирање на создадениот отпад како еден од предусловите за намалување на количината на истиот, а во функција на заштита на животната средина што не е во согласност со член 44 од Законот за управување со отпадот што има влијание на заштита на животната средина.
Со дел од субјектите корисници на услугите на КЈП „Водовод" Кочани, до периодот на отпочнување на ревизијата склучени се договори со кои се регулирани меѓусебните права и обврски, а и во текот на ревизијата се продолжени активностите за склучување на договори помеѓу КЈП „Водовод" Кочани и постојните корисници на услугите но оваа активност сеуште не е завршена.

**Препорака:**
Надлежните органи на раководење и управување во КЈП „Водовод" Кочани:
- да продолжат со активностите за склучување договори со кои ќе се регулираат меѓусебните права и обврски со корисниците на услугите и

– во соработка со градоначалникот на Општина Кочани да овозможат создавање на услови за селектирање на отпадот .



Депонијата во Кочани

4.2.5. При увид во документацијата која се однесува на обврските на раководниот орган во делот на известувањето идентификувана е состојба на не изготвување на извештај за работата на јавното претпријатие на секои шест месеци, што не е во согласност со одредбите од член 23-а од Законот за јавните претпријатија со кој е регулирано дека директорот е должен на секои шест месеци да доставува извештај за работата на јавното претпријатие до Управниот одбор односно Градоначалникот на општината, особено со податоци за видот и обемот на извршените работи согласно дејноста на јавното претпријатие, како и податоци за финансиското работење. Оваа обврска во исто време претставува и одредба од Договорот за уредување на односите со јавното претпријатие во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата на директорот согласно со закон (менаџерски договор).

Непостапувањето согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија го нарушува принципот на транспарентност и оневозможува во законски предвидените рокови органот на управување и основачот да дадат насоки за понатамошните активности на јавното претпријатие.

Во текот на ревизијата изготвен е извештај за работата на јавното претпријатие за периодот од првите шест месеци за 2020 година и истиот е доставен до Управниот одбор на јавното претпријатие и Градоначалникот на Општина Кочани.

**Препорака:**
Директорот на јавното претпријатие, да продолжи по истекот на секои шест месеци од годината да изготвува извештај за работата на јавното претпријатие и да го доставува до Управниот одбор и до Градоначалникот на општината.

4.2.6. Во сметководствената евиденција на КЈП Водовод Кочани со состојба на 31.12.2019 година, искажани се обврски за надомест за користење на води во износ од 12.939 илјади денари, надомест за испуштање во води во износ од 1.393 илјади денари и надомест за користење на геотермални води во износ од 12.650 илјади денари или вкупно надоместоци за води во износ од 26.982 илјади денари. Наведеното салдо потекнува од пресметана а неплатена обврска во Буџетот на Република Северна Македонија акумилирана за повеќе години наназад.
Обврската е утврдена согласно одредбите на член 213 и 214 од Законот за водите, каде е утврдено дека надоместокот за користење на вода наменета за консумирање од страна на луѓето изнесува 2% од утврдената цена на метар кубен вода, а за испуштање на отпадни води изнесува 1% од утврдената цена на давателот на услугата и висината на надоместокот што се плаќа за користење на вода за топлинска енергија од геотермални води, изнесува седум денари за метар кубен искористена вода.
Обврзник за плаќање е секое правно и физичко лице кое користи вода или испушта непречистени отпадни води, а надоместоците ги пресметува правното лице кое управува со водоснабдителниот систем и системот за одведување на отпадни води и се прикажуваат посебно на сметката за извршена услуга . Обврзник за плаќање и пресметување на надоместокот на користење геотермални води е правното или физичкото лице носител на дозволата за користење на геотермалните води.
Овие средства се наплаќаат од субјектите правни и физички лица корисници на услугите на јавното претпријатие, кое е должно да ги наплати и уплати во Буџетот на РСМ.
Непреземањето мерки за плаќање на утврдените обврски не е во согласност со одредбите на членовите 213 и 214 од Законот за водите и има за последица помалку наплатени приходи во Буџетот на РСМ по основ на надоместок за користење на вода, за испуштање на води и за користење на геотермални води.

Во текот на ревизијата извршено е плаќање на дел од обврските во износ од 150 илјади денари во Буџетот на РСМ.

**Препорака:**
Органите на управување и раководење во КЈП „Водовод" Кочани да продолжат со плаќање на заостанатиот долг кон Буџетот на РСМ како и редовна месечна уплата на средствата по основ на надоместок за користење води, за испуштање во води и за користење на геотермални води.

4.2.7. Со извршениот увид на состојбата на обврските по основ на надоместоци спрема Буџетот на Општина Кочани за одржување на јавна чистота, управување со отпад и комунална такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила ревизијата констатира дека со состојба на 31.12.2019 година е искажана обврска во износ од 9.552 илјади денари и тоа:

- за надоместок за одржување јавна чистота 8.492 илјади денари;
- за надоместок за управување со отпад 999 илјади денари и
- комунална такса за паркинг 61 илјада денари.

Овие средства се наплаќаат од субјектите правни и физички лица корисници на услугите на јавното претпријатие, кое е должно да ги наплати и уплати на соодветна трезорска сметка на буџетот на Општина Кочани. Неплаќањето на обврските по претходно наведените основи не е во согласност со одредбите кои го регулираат утврдувањето и роковите за плаќање на овие обврски од членот 25 од Законот за јавна чистота, членот 123 точка 4 од Закон за управување со отпад и член 10 од Закон за комуналните такси, според кои обврските се плаќаат месечно, во тековниот за претходниот месец. Ефект од ваквото постапување се помалку платени средства во Буџетот на Општина Кочани.

**Препорака:**
Органите на раководење и управување на КЈП "Водовод" Кочани да преземат мерки и активности за регулирање на искажаните обврски по претходно наведените основи према буџетот на Општина Кочани, а исто така да вршат редовно плаќање на обврските кои произлегуваат од тековните месеци со цел да не се врши акумулирање/зголемување на износот на обврски по овие основи.

**4.3. Финансиски извештаи**

**Биланс на состојба**

4.3.1. Во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија, не е извршен упис на основната главнина на КЈП „Водовод" Кочани, што не е во согласност со членот 298 од Законот за трговски друштва каде што е регулирано кои податоци се запишуваат во регистарот. Со Законот за јавни претпријатија, во членот 4-б е уредено дека за упис во надлежниот регистар се применуваат одредбите од Законот за трговски друштва.

Според состојбата од трговските книги на 31.12.2019 година вредноста на капиталот е евидентирана во износ од 407.889 илјади денари.

Ваквата состојба произлегува од неутврдената пазарна вредност на имотот на претпријатието, така што, основната главнина е сметководствено утврдена односно не е извршена проценка на капиталот кое има влијание на реалното и објективно прикажување на основачкиот влог на претпријатието.

Согласно Законот за процена, процена на пазарната вредност на јавни претпријатија врши овластен проценувач, на начин пропишан со методологија, правила и стандарди за процена кои ги вклучуваат признатите меѓународни стандарди за процена на вредноста, како и други закони со кои се регулира проценувањето на вредноста на различни форми на сопственост.

Во Централниот регистар како основач на јавното претпријатие е запишано Собранието на Општина Кочани. Согласно членот 1 од Законот за јавни претпријатија, општините може да основаат јавни претпријатија со цел за вршење на дејност од јавен интерес, а Советот на општината (кој е орган, а не правно лице), во име на општината основа јавни претпријатија и го носи актот за основање.

**Препорака:**
Органите на раководење и управување на КЈП „Водовод" Кочани да преземат активности за:

– евидентирање на основачкиот влог/капиталот во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија,
– да се направи проценка на средствата со кои располага јавното претпријатие од овластени проценители за да се утврди објективната вредност на капиталот со сегашна состојба и
– да се ажурираат податоците во делот на основач на јавното претпријатие Општина Кочани.

4.3.2. Во сметководствената евиденција и Билансот на состојба за 2019 година на КЈП „Водовод" Кочани, евидентирани се побарувања од купувачите во земјата во вкупен износ од 251.385 илјади денари. Дел од побарувањата во износ од 130.034 илјади денари потекнуваат од минати години, најголем дел се утужени, а дел не се утужени иако се поминати повеќе години од денот кога требало да бидат наплатени. Според евиденцијата која и е презентирана на ревизијата, структурата на побарувањата за кои се поминати повеќе години од денот кога требало да бидат наплатени е следната:

- побарувања од граѓани 111.823 илјади денари (тужени);
- побарувања од граѓани стари салда 360 илјади денари (нетужени);
- побарувања од фирми 8.571 илјада денари (тужени);
- побарувања од фирми стари салда 4.223 илјади денари (нетужени);
- побарувања од дуќани 1.506 илјади денари (тужени)
- побарувања од дуќани стари салда 3.551 илјада денари (нетужени).

За побарувањата во износ од 121.900 илјади денари се преземени мерки на наплата односно се поведени судски постаки, а за побарувањата во износ од 8.234 илјади денари не се преземени навремени мерки за наплата и за дел постои состојба на застареност и неизвесност за нивна наплата. Истите согласно сметководствените политики на претпријатието и МСС 18 точка 18 потребно е да се искажат на сметката

за сомнителни и спорни побарувања, а не да бидат искажани на сметката побарувања од купувачите во земјата. Неевидентирањето на побарувањата за кои се преземени мерки на наплата како и оние за кои не се преземени навремени мерки за наплата на позицијата на сомнителни и спорни побарувања, придонесува за нереално искажување на побарувањата во трговските книги на субјектот за кои наплатата е неизвесна и влијае на финансиските извештаи.

**Препорака:**
Надлежните органи на КЈП „Водовод" Кочани да извршат проценка и утврдување на старосната структура на побарувањата кои се утужени и неутужените и да извршат евидентирање како сомнителни и спорни побарувања и отпис за кои реално не постои можност за наплата.

**Биланс на успех**

4.3.3. При увид на состојбите на утврдување на приходите и наплата на побарувањата од снабдување и испорака на вода, утврдивме дека приходите по овој основ се нецелосни, бидејќи количината на испорачаната вода во водоснабдителниот систем значително одстапува од количината на вода која е фактурирана на корисниците на истата. Во водоснабдителниот систем во 2019 година испорачани се 4.787 илјади $м^3$ сурова вода за пиење, а фактурирани се 1.544 илјади $м^3$ вода за пиење, што претставува 32,25% фактурирана количина во однос на испорачаната односно регистрирана е загуба на вода од 67,75%. Дел од водата, регистрирана како загуба, се користи во производствениот процес на фабриката за преработка на вода 11 илјади $м^3$, потрошена вода за полевање на јавно зеленило и миење на јавни сообраќајни површини од 10 илјади $м^3$, за кои јавното претпријатие фактурира и врши наплата од општината.
Загубата на вода се должи на стара и дотрајана водоводна мрежа, диви и нелегални приклучоци, кражба на вода и слично.
Непреземањето мерки за минимизирање и отстранување на причините за техничките и комерцијалните загуби на вода преку активности за реална и објективна потрошувачка на вода за пиење, предизвикува нереална и необјективна состојба во процесот на фактурирање на испорачаната количина на вода за пиење и има за ефект помалку остварени приходи на претпријатието, помалку пресметан ДДВ и помалку пресметан надоместок за вода кои претставуваат приходи на Буџетот на државата.
Во врска со констатираните загуби на вода во системот за водоснабдување во продолжение следи преглед со графички приказ преку кој може да се согледа загубата на вода по месеци за 2019 година и преглед за процент на загуба на вода на годишно ниво за период од 2015 до 2019 година.

**Преглед на испорачана и приходувана вода во $m^3$ од филтер станица за 2019 година по месеци**

| | 2019 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1,Јан | 2,Фев | 3, Март | 4, Апр | 5, Мај | 6, Јун | 7, Јул | 8, Авг | 9, Сеп | 10, Окт | 11, Ное | 12, Дек |
| Испорачана | 409.257 | 337.280 | 372.619 | 356.966 | 380.982 | 401.192 | 452.832 | 480.416 | 424.486 | 421.984 | 362.382 | 386.241 |
| Приходувана | 100.392 | 132.141 | 120.019 | 112.904 | 117.937 | 133.713 | 147.754 | 130.689 | 126.371 | 176.926 | 115.874 | 129.087 |







**Препорака:**

Надлежните на КЈП „Водовод" Кочани да преземат мерки и активности за минимизирање/отстранување на факторите кои придонесуваат за загуба на водата во водоснабдителниот систем.

4.3.4. Врз основа на фактура од месец декември 2019 година за изведба на нов приклучок за топла вода на системот Геотерма Кочани испоставена на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, во евиденцијата на КЈП "Водовод" Кочани евидентирано е побарување за износ од 764 илјади денари, приход во износ од 647 илјади денари и обврска за ДДВ од 117 илјади денари. До денот на ревизијата фактурата не е наплатена, односно истата е вратена од субјектот кон кого е фактурирана поради тоа што од страна на истиот нема

одобрено Понуда за извршување на работата предмет на фактурирање ниту е склучен договор за приклучок со КЈП “Водовод“ Кочани, поради што не може да се пристапи со плаќање на фактурата која со допис од 08.05.2020 година повторно, по втор пат е вратена на јавното претпријатие поради немање основ за плаќање на истата. Ефект од таквото постапување е нереално искажано побарување, нереално искажан поголем приход и неосновано искажана обврска за ДДВ која е вклучена и во даночната пријава за ДДВ за месец декември 2019 година.

**Препорака:**
Надлежните органи на раководење и управување кај КЈП “Водовод“ Кочани да ја преиспитаат основаноста на ова побарување и да преземат мерки за утврдување на одговорност на лицето кое дало налог да се изврши активноста без соодветна документација и без склучен договор.

**4.4. Користење на средства согласно законските прописи**

4.4.1. При увидот во начинот на планирање и спроведување на постапките за јавни набавки во 2019 година од страна на претпријатието, ревизијата констатира дека претпријатието навремено има донесено Годишен план за јавни набавки за 2019 година, кој план во текот на 2019 година 10 пати бил изменуван и дополнуван со донесени одлуки од Управниот одбор. Годишниот план за јавни набавки заедно со сите негови измени и дополнувања содржел вкупно 133 постапки за јавни набавки на стоки, услуги и работи, со вкупна проценета вредност од 135.536 илјади денари. Од вкупно планираните 133 постапки за јавни набавки во текот на 2019 година биле спроведени само 59 постапки за јавни набавки со вкупна вредност на склучените договори од 76.741 илјади денари, што претставува 56,62% реализација во однос на проценетата вредност на набавките.
Извршените измени и дополнувања на Планот за јавни набавки за 2019 година во текот на годината, како и нискиот процент на реализација на истиот, укажува дека претпријатието не извршило соодветна проценка на вистинските потреби од набавки во тековната година, што има влијание врз нереалното планирањето на потребите за јавни набавки согласно расположливите извори на финансирање.

**Препорака:**
Надлежните во јавното претпријатие, при донесување на Годишниот план за јавни набавки да преземат мерки и активности за реално планирање на потребите за набавки на стоки, услуги и работи согласно расположливите средства за тековната година.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките од 4.2. до 4.4. се и тоа:

- Колективниот договор на КЈП “Водовод“ Кочани не е усогласен со одредбите од Општиот колективен договор за јавниот сектор и Законот за работните односи, поради што се вршат исплати на надоместоци во поголеми износи од пропишаните,
- со сите корисници на услугите на КЈП „Водовод” Кочани не се склучени договори,
- присутна е состојба на загуба на вода во системот за водоснабдување која изнесува 67,75% од испорачаната вода од филтер станицата во водоснабдителниот систем,
- износ на неуплатени средства по основ на обврски за надоместок за користење на води, за испуштање во води, за користење на геотермални води, за одржување јавна чистота, за управување со отпад и комунална такса за паркинг,
- во трговскиот регистар не е извршен упис на основната главнина на КЈП “Водовод“ Кочани и не е извршена проценка на капиталот,
- побарувањата од купувачите во земјата кои потекнуваат од минати години, не се искажани на сметката за сомнителни и спорни побарувања и
- несоодветна проценка и планирање на потребите за јавни набавки.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на КЈП „Водовод„ Кочани на ден 31 декември 2019 година како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за известување .

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на КЈП „Водовод„ Кочани, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Во текот на ревизијата од страна на одговорните лица во КЈП „Водовод„ Кочани прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија и тоа:

- од сметката за Обврски спрема добавувачи во земјата, за износот на долговното салдо од 943 илјади денари, извршено е сторнирање и евидентирање на истиот износ на сметката Побарувања за дадени аванси;
- од сметката за Побарувања од купувачите во земјата, за износот на побарувачкото салдо од 1.776 илјади денари, извршено е сторнирање и евидентирање на истиот износ на сметката Обврски за примени аванси;
- за погрешното евидентирање на Договор за цесија од 2011 година, во текот на ревизијата е извршена исправка при што за износот по цесијата од 3.115 илјади денари спроведено е книжење со кое се намалени побарувањата од Општина Кочани и
- во сметководствената евиденција на јавното претпријатие извршено е намалување на активата и пасивата на Вонбилансна евиденција за износ 3.562 илјади денари.

Во деловните книги за предходно наведените корекции спроведен е налог за книжења број НБ0306 од 29.05.2020 и НБ0434 од 31.07.2020 година.

6.2. Обрнуваме внимание дека КЈП „Водовод„ Кочани е тужена странка од 8 (осум) субјекти, физички лица за долг во износ од 2.908 илјада денари.
КЈП „Водовод„ Кочани се јавува како тужител на 20 (дваесет) субјекти, правни лица за побарување во вкупен износ од 518 илјади денари.
Исто така јавното претпријатие има поднесено тужби за наплата на побарувања од физички лица и правни субјекти (фирми и дуќани) за неплатени сметки за комунални услуги во вкупен износ од 121.900 илјади денари.
Во моментот конечниот исход по ова прашање не може да се утврди и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

## 7. Останати прашања

7.1. Со Одлука[5] на Советот на Општина Кочани, на КЈП „Водовод" Кочани му е доделено на трајно управување и користење недвижна ствар Пречистителна станица за третман на отпадни води без надомест. Пречистителната станица за третман на отпадни води е изградена согласно проект финансиран од Владата на Швајцарија, Буџетот на Република Северна Македонија и Буџетот на Општина Кочани, при што како инвеститор се јавува општината. Пречистителна станица за третман на отпадни води Кочани запишана е во ИЛ.бр. 591 на КП бр. 802, во КО Мојанци Општина Кочани. Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 18.360.000 Швајцарски франци или противвредност од 1.013.980 илјади денари. Општината до јавното претпријатие покрај Одлуката за трајно користење и управување, има доставено и документација односно спецификација за вредноста на објектите и

[5] бр. 09-1499/1 од 11.07.2019 година

опремата од кои се состои донацијата во вкупен износ од 833.136 илјади денари кој е евидентиран во трговските книги на јавното претпријатие. За остатокот од вредноста на инвестицијата во износ од 180.841 илјади денари не е доставена документација и овој дел не е евидентиран во евиденцијата на јавното претпријатие. Ревизијата смета дека е потребно надлежните органи од јавното претпријатие во соработка со надлежните од општината да ја обезбедат потребната документација во функција на целосно евидентирање на Пречистителната станица за третман на отпадни води.



Пречистителна станица за третман на отпадни води

КЈП "Водовод" Кочани

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2019 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениjа | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 169.881 | 164.198 |
| Останати приходи | 3.2. | 57.260 | 37.037 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **227.141** | **201.235** |
| | | | |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3. | 45.482 | 39.091 |
| Трошоци за услуги | 3.4. | 18.707 | 15.779 |
| Плати, надоместоци и останати трошоци на вработените | 3.5. | 75.759 | 77.213 |
| Трошоци за амортизација | 3.6. | 67.876 | 54.397 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7. | 14.016 | 13.081 |
| Вредноно углассување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | 3.8. | 150 | 157 |
| Останати расходи | 3.9. | 4.420 | 1.202 |
| Расхди на продадени добра и услуги | 3.10. | 768 | 468 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **227.178** | **201.388** |
| | | | |
| Финансиски приходи | 3.11. | 1.646 | 1.977 |
| Финансиски расходи | 3.12. | 1.328 | 1.235 |
| | | | |
| **Добивка од редовното работење** | 3.13. | **281** | **589** |
| | | | |
| **Данок од добивка** | 3.14. | **113** | **450** |
| | | | |
| **Нето добивка** | 3.15. | **168** | **139** |

| КЈП "Водовод" Кочани | | | |
|---|---|---|---|
| **БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ** | | | |
| | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жениja** | **2019** | **2018** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 3.811 | 1.970 |
| Побарувања од купувачите | 4.2. | 251.385 | 256.469 |
| Побарувања за дадени аванси | 4.3. | 1.446 | 1.181 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.4. | 2.548 | 721 |
| Побарувања од вработените | 4.5. | 171 | 133 |
| Платени трошоци за идни периоди | 4.6. | 705 | 441 |
| Залихи | 4.7. | 8.191 | 9.428 |
| **Вкупно тековни средства** | | **268.257** | **270.343** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.8. | 77.208 | 66.298 |
| Материјални средства | 4.9. | 1.255.787 | 563.878 |
| Долгорочни финансиски средства | 4.10. | 94 | 94 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **1.333.089** | **630.270** |
| **Вкупна актива** | | **1.601.346** | **900.613** |
| **Вонбилансна евиденција - Активни** | 4.11. | **84** | **3.625** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема | 4.12. | 19.937 | 20.888 |
| Примени аванси, краткорочни | 4.13. | 41.584 | 38.380 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.14. | 2.735 | 3.141 |
| Обврки спрема вработените | 4.15. | 4.337 | 3.530 |
| Останати краткорочни обврки и краткорочни резервирања | 4.16. | 55 | 43 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 4.17. | 990.147 | 292.248 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **1.058.795** | **358.230** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврки | 4.18. | 39.716 | 39.716 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **39.716** | **39.716** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен | 4.19. | 407.889 | 407.889 |
| РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА | 4.32 | 0 | 0 |
| Резерви | 4.20. | 2.046 | 1.907 |
| Акумулирана добивка | 4.21. | 92.732 | 92.732 |
| Добивка од тековната година | 4.22. | 168 | 139 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **502.835** | **502.667** |
| **Вкупна пасива** | | **1.601.346** | **900.613** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасивни сметки** | 4.23. | **84** | **3.625** |

**КЈП "Водовод" Кочани**

ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ВО 2019 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Резерви | Акумулирана добивка | Добивка за финансиска година | **ВКУПНО КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на ден 01 јануари 2019** | 407.889 | 1.907 | 92.732 | | **502.528** |
| **Зголемувања:** | | | | | |
| Нето добивка за 2019 година | | | | 168 | **168** |
| Останати зголемувања | | 139 | | | **139** |
| **Состојба на ден 31. декември 2019** | **407.889** | **2.046** | **92.732** | **168** | **502.835** |

## КЈП ВОДОВОД КОЧАНИ

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
**За годината која завршува на 31 декември 2019**

**во илјади денари**

| | 2019 | 2018 |
|---|---|---|
| ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ | | |
| **Добивка пред оданочување** | **281** | **589** |
| ***Усогласувања на добивката за нето паричните текови од оперативни активности:*** | | |
| Амортизација | 55.984 | 54.398 |
| Прилагодувања за донирани основни средства | (48.344) | (49.774) |
| Кусоци и вишоци на залиха | 112 | 149 |
| Вредносно усогласување на побарувања | 80 | 132 |
| Неотпишана вредност на продадени ОС | | 60 |
| Отпис на обврски | (5.938) | (1.955) |
| Прилагодување за приходи/(трошоци) за камати | 1.328 | 742 |
| Приходи од дополнително одобрени попусти | | - |
| Приходи од позитивни курсни разлики | (7) | - |
| **Промени во оперативните средства и обврски:** | | |
| *Зголемување/(намалување) на тековните средства:* | | |
| Побарувања од купувачи | 10.151 | (9.946) |
| Залихи | 1.125 | 555 |
| Останати побарувања и АВР | (2.242) | (813) |
| *Зголемување/(намалување) на тековните обврски:* | | |
| Обврски кон добавувачи | 51.119 | (2.967) |
| Останати обврски и ПВР | (46.602) | 16.147 |
| Примени камати | | (1.977) |
| Платени камати | (1.328) | 1.235 |
| Данок на добивка | - | (451) |
| **Нето паричен тек од оперативни активности** | **15.719** | **6.124** |
| ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ | | |
| Набавка/продажба на недвижности, постројки и опрема | (13.878) | (6.010) |
| Нематеријални средства | - | (728) |
| **Нето паричен тек од инвестициони активности** | **(13.878)** | **(6.738)** |
| ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ | | |
| Долгорочен финансиски кредит | - | (1,267) |

| | | |
|---|---|---|
| **Нето паричен тек од финансиски активности** | - | **(1,267)** |
| Нето зголемување /(намалување) на паричните средства | 1.841 | (1.881) |
| Пари и парични средства на почетокот на годината | 1.970 | 3.851 |
| **Пари и парични средства, крај на годината** | **3.811** | **1.970** |

МКОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
,,В О Д О В О Д,, КОЧАНИ

*Ул.,Иван Милутиновиќ,, бр.64 2300 Кочани п.ф. 37 Кочани МК ЕДБ;4013968102159*
*Телефони:* **www.vodovodkocani.com.mk** **email;office@vodovodkocani.com.mk**
*Централа* (033) 279-101
*Директор* (033) 279-102

Број 03-249/4 06.11.2020год

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ SHKUP
Примено Pranuar më: 09.11.2020
Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera
13-108/5

До

Државен Завод за Ревизија

Ул.Павел Шатев бр.2 ,,Палата Емануел Чучков,,

1000 Скопје

Почитувани,

КЈП,,Водовод ,,Кочани,, на 09.10.2020 год. го доби ,,Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Комуналното Претпријатие ,,Водовод,,Кочани.
Раководството на КЈП,,Водовод,,Кочани откако детално го прочита доставениот Нацрт ревизорски извештај , има одредени забелешки.

**1.**Во врска со забелешката 4.1.1 за утврдување на приходите и наплата на побарувањата од Комунални услуги, дека не се донесени пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите на вработените во јавното претпријатие во овој процес, сакаме да истакнеме дека во актот за систематизација како и во договорот за вработување точно се утврдени кои работни задачи треба се извршуват на секое работно место со цел да се води сметка за застареноста и наплатата на побарувањата од комунални услуги.

**2.** Во врска со забелешката 4.2.1 за електронското следење на работното време сакаме да истакнеме дека секој ден се води електронска евиденција на работното време на вработените, која моментално поради некои технички проблеми не може да се испечати , но може да се прегледа на самиот монитор кој е поврзан со системот, а воедно секојдневно вработениот на портирница води рачна евиденција за секој вработен во колку часот доаѓа, кога излегува во текот на работното време, дали е отсутен и сл. . Оваа евиденција стои на располагање и ја користат сите раководители кои водат евиденција и поднесуваат евидентни листи за пресметка на плата до пресметковецот .

**3.** Во врска со забелешката 4.2.4 склучување на Договори со корисниците на комунални услуги, сакаме да укажеме дека КЈП,,Водовод,,има склучено со поголем број од корисниците, а воедно склучувањето на договори е жива материја која се

спроведува и секогаш ќе се спроведува поради секојдневни промени на корисниците по разни основи.

**4.** Во врска со забелешката 4.2.7 за обврските по основ на надоместоци спрема Буџетот на Општина Кочани за одржување на јавна чистота ,управување со отпад и комунална такса за користење на простор за паркинг сакаме да истакнеме дека КЈП,,Водовод,, во текот на годината редовно ги регулира овие обврски кон Општината според процентот на наплата, а на крајот на годината со валута од 60 дена врши усогласување со годишниот процент на наплата на побарувањата и разликата по пресметка се уплаќа на Општината.Исто така во текот на годината се уплаќа и надоместокот за паркинг, а салдото што останало како неуплатено се однесува на наплатата за месец 12/2019 кој е уплатен наредната година.Обврските кон Општината по основ на Надоместокот за јавна чистота и Надоместокот за управување со отпад секој месец се искажуваат пресметковно врз основа на месечно изработените фактури кон корисниците на комунални услуги, а се уплаќаат кон Општината според процентот на наплата кој за жал не е 100% и како резултат на таа разлика секоја година остануваат ненаплатени и непрефрлени средства кон Општина Кочани.
ПРИЛОГ: Пресметки за 2019година и аналитички картици за надоместоците за Јавно прометна површина, Управување со отпад и Паркинг услуга.

**5.** Во врска со забелешката под точка 4.3.1 да се изврши упис на основната главнина во Централниот регистар на РСМ, потребно е да се ангажира овластен Проценител за кој Комуналното Јавно Претпријатие ќе го предвиди во Планот за јавни набавки за 2021година во која треба истата да биде реализирана.

**6.** Во врска со забелешката под точка 4.3.2 за евидентирање на побарувањата кои во најголем дел се утужени но не се наплатени , како и побарувањата за кои се склучени договор за плаќање на рати како и мал дел на нетужени побарувања сакаме да истакнеме дека во текот на годината врз основа на опомени за плаќање на заостанат долг се случува корисниците да дојдат и да ги измират обврските по сите основи. За да не се наруши евиденцијата како целина за долгот на корисниците од тие причини не се дадени како предлог од страна на пописната комисија за сомнителни и спорни побарувања да се изврши нивно искажување на сметките за сомнителни и спорни побарувања.

**7.** Во врска со забелешката под точка 4.4.1 за начинот на планирање и спроведување на планот за јавни набавки, сакаме да истакнеме дека КЈП,,Водовод,,Кочани како комунално јавно претпријатие кое ѓи извршува сите комунални услуги за да може непречено да работи и во најкраток рок да ги отстранува сите непредвидливи дефекти мора да има пообемен план за јавни набавки, за да може во најкраток рок да ги набави потребните резервни делови и материјали.
Сметаме дека подобро е некои средства да бидат опфатени во планот за јавни набавки иако нема да се реализираат, што секако значи и помалку направени трошоци за комуналното јавно претпријатие, отколку да не се планирани, а во текот на работењето да наидеме на неопходна потреба од нив , што ќе доведе до продолжување на роковите за извршување заради спроведување на соодветни законски постапки во планот за јавни набавки.

**8.** Во врска со забелешката под точка 4.3.3 која се однесува на испорачана во однос на фактурирана вода односно загуба на вода, сакаме да истакнеме дека комуналното јавно

претпријатие обезбедува вода за пиење за околу 38.000 жители со мрежа со вкупна должина од 155 км во градот Кочани и 8 околни села.

Водоснабдувањето во градот се врши од бунарски систем од 12 бунари лоцирани во близина на селото Грдовци, во месноста Грдовски Орман. Вкупната издашност на бунарите е 280 л/с.

Поголемиот процент на нефактурирана вода 67,75 % се должи на:

- (стара дотрајана водоводна мрежа, честите дефекти, сопствена потрошувачка во фабрика за вода-перење филтри, техничко-технолошки процес, лабораторија, чистење на објект и помошни инсталации, хидрантска мрежа, санитарии, хортикулурно уредување и др., испуштање на главен цевковод при санирање на дефект. )
- Стари мерни уреди за мерење на водата–водомери, користење на вода без водомер, нелегален приклучок пред водомер-на приклучната линија, нелегален приклучок од главна линија, нелегален приклучок од друга приклучна линија и сл.)
- Неточност кај водомерите (утврдување на процентот на грешка)
- Дефекти на главен доводен цевковод за сурова вода (причина, откривање, можност и време за интервенција)
- Интервенција кај пријавените т.е. визуелно детектираните дефекти кај дистрибутивната мрежа и приклучоците
- Благовремено откривање-детекција на скриени дефекти (со опрема за детекција на дефекти и мерење) и нивно навремено санирање.

Мерки превземени за намалуање на неприходувана вода:

- Инсталиран (SCADA-систем), мониторинг и управување
- Инсталација на мерни и мерно управувачки шахти
- Формирање на подзони
- Работа со опрема за мерење и детекција на скриени дефекти
- Реализирани проекти за реконструкција и надградба на водоводниот систем
- Проекти за реализација (реконструкција на главен цевковод и замена на водомери)
- Донесен Акционен план за намалување на неприходувана вода

За таа цел за да се надминат проблемите со неприходуваната вода и се стават под контрола, инсталиран е систем за мониторинг и управување на хидрауличките елементи на системот и мерните уреди (SCADA-систем), од пред 2000 година и 10-ина пати надградуван до сега.

Со проектите од Светска банка за Реконструкција на дел од мрежата на средна зона и проектот со KfW банка за Реконструкција на дел од водоводниот систем изградени се мерно-управувачки шахти со мерење на проток и притисок и електро вентили за регулација на протокот и притисокот.

До сега вкупно се изградени 23 мерни и мерно управувачки шахти и сите се поврзани со главниот компјутер кој е лоциран во Фабриката за вода.

За континуирано следење на потрошувачката на вода (проток и притисок) и следење на количините на испорачана и фактурирана вода со ажурирање на базата на

податоци за сите корисници и формирање на подзони кои вообичаено имат од 400-600 корисници се со цел регистрирање на сите технички проблеми во системот и справување односно намалување на процентот на загуби на вода. ( До сега оформени се 18 подзони, а во план е да се оформат 30 подзони.)

Во рамките на проектот „ Управување со намалување на загуби на вода во земјите на Југоисточна Европа“ КЈП Водовод-Кочани избран како пилот проект доби Опрема за детекција на скриени дефекти во вредност од 35000 евра.

Опремата содржи повеќе уреди меѓу кои се: корелатор, геофон, трасер, мапер, мерачи на проток и притисок и др.

Поради дотрајаноста на главниот цевковод кој е реконструран 1305 метри од вкупно 5105 метри и изработени се проекти за останатите два дела за реконструкација во должина од 2215 метри и 1585 метри кои е потребно да се реконструират.

Како и проект за замена на 5881 водомери.

Донесен е акционен план за надминување на проблемот со неприходуваната вода кој веќе е во реализација.

Во очекување дека овие наши забелешки ќе бидат правилно разберени, а воедно и прифатени се со цел да добиеме позитивно мислење по ревизорскиот извештај,останувааме со поздрав.

Кочани, 06.11.2020година

КЈП Водовод - Кочани
Директор

Андреј Киров

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 09.11.2020 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на КЈП "Водовод" Кочани бр. 03-249/4 од 06.11.2020 година, од одговорното лице Андреј Киров, директор. Истите во Државниот завод за ревизија се заведени под број 13-108/5 од 09.11.2020 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1.**, која се однесува дека не се донесени пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите на вработените во јавното претпријатие во процесот на утврдување на приходите и наплата на побарувањата од комуналните услуги, **не се прифаќа.** Субјектот известува дека во актот за систематизација како и во договорот за вработување се утврдени работните задачи кои треба да се извршуваат за секое работно место со цел да се води сметка за застареноста и наплатата на побарувањата од комунални услуги кои акти ревизијата ги имаше во предвид при дефинирање на констатациите во оваа точка.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.1.**, која се однесува дека при проверка и контрола на процесот на евиденција, пресметка и исплата на плати идентификувана е состојба на несоодветно користење на инсталираниот систем за електронско следење на работно време на вработените, **не се прифаќа,** од причина што во прилог на забелешките не се доставени нови докази кои би имале влијание за промена на констатираните состојби.

3. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.4.**, која се однесува дека со сите корисници на услугите на КЈП „Водовод" Кочани не се склучени договори, со кои ќе се регулираат меѓусебните права и обврски, **не се прифаќа,** од причина што со забелешките субјектот само ја потврдува констатираната состојба од ревизијата.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.7.**, која се однесува дека по основ на надоместоци спрема Буџетот на Општина Кочани за одржување на јавна чистота, управување со отпад и комунална такса за користење на простор

за паркирање на патнички моторни возила со состојба на 31.12.2019 година е искажана обврска во износ од 9.552 илјади денари, **не се прифаќа.** Субјектот во забелешките известува за начинот на пресметување и уплата на претходно наведените надоместоци и комунална такса, а доставените пресметки за 2019 година и аналитичките картици, само ја потврдуваат утврдената состојба на обврската истакната во ревизорскиот извештај.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.1.,** која се однесува дека во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија, не е извршен упис на основната главнина на КЈП „Водовод“ Кочани, **претставува известување**, дека е потребно ангажирање на овластен проценител, за што КЈП „Водовод“ Кочани во Планот за јавни набавки за 2021 година ќе предвиди јавна набавка за таква услуга/потреба.

6. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.2.,** која се однесува дека во сметководствената евиденција и Билансот на состојба за 2019 година на КЈП „Водовод” Кочани, од евидентираните побарувања од купувачите во земјата дел во износ од 130.034 илјади денари потекнуваат од минати години, најголем дел се утужени, а дел не се утужени иако се поминати повеќе години од денот кога требало да бидат наплатени, **не се прифаќа**, од причина што не се почитувани сметководствени политики и начела. Субјектот наведува дека во текот на годината врз основа на опомени за плаќање на заостанат долг се случува корисниците да дојдат и да ги измират обврските по сите основи. При тоа од причина да не се наруши евиденцијата за долгот на корисниците како целина, не е извршено прекнижување од редовни на сомнителни и спорни побарувања.

7. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.3.,** која се однесува дека состојбите на утврдување на приходите и наплата на побарувањата од снабдување и испорака на вода не се целосни, бидејќи количината на испорачаната вода во водоснабдителниот систем значително одстапува од количината на вода која е фактурирана на корисниците, **не се прифаќа**, од причина што не се доставени нови докази кои би имале влијание на констатираните состојби. Со забелешките субјектот само ја потврдува констатираната состојба известувајќи за причините и преземените мерки од страна на надлежните на претпријатието за надминување на состојбите на загуби на вода, како и донесување на акционен план за надминување на проблемот со неприходована вода, кој е во фаза на реализација.

8. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.4.1.,** која се однесува на начинот на планирање и спроведување на постапките за јавни набавки во 2019 година, односно дека претпријатието навремено има донесено Годишен план за

јавни набавки за 2019 година, кој план во текот на 2019 година 10 пати бил изменуван и дополнуван со донесени одлуки од Управниот одбор и дека од вкупно планираните 133 постапки за јавни набавки во текот на 2019 година биле спроведени само 59 постапки за јавни набавки со вкупна вредност на склучените договори од 76.741 илјади денари, што претставува 56,62% реализација во однос на проценетата вредност на набавките, **не се прифаќа**. Причините за таквиот начин на постапување, ревизијата ги имаше во предвид при констатирање на состојбата, но со истите не се оспорува фактот дека претпријатието не извршило соодветна проценка на вистинските потреби од набавки во тековната година, што има влијание врз нереалното планирањето на потребите за јавни набавки согласно расположливите извори на финансирање.